PROREADY

Ready To Use Culture Media

CE IVD

## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА (МАК)

**SS Agar Plate (Salmonella Shigella Agar)**

Подлога за селективна изолација на гонококи од патолошки примероци.

### Опис на пакување:

| Шифра на производ (пакување) REF | Опис | Примарна шифра за пакување: | Големина на пакување |
|---|---|---|---|
| PRM413V20 | Подлогата е излиена во петриеви плочи од ø90 | PRM413 | 20 |
| PRM413V60 | | | 60 |
| PRM413V240 | | | 240 |
| PRM413M40 | Подлогата е излиена во петриеви плочи од ø50 | | 40 |

### Упатства

Под асептични услови инокулирајте ја плочата со метод на површинско садење.

### Принцип и Интерпретација

*Carpenter* и *Morton* ја подобриле подлогата за изолација на гонокока за 24 часа (1). Подоцна, ефикасноста на GC подлогата е дополнета со хемоглобин и концентрат од квасец, и е докажана за изолација на гонокока (2). Потоа, *Thayer* и *Martin* развиле подлога за примарна изолација на *Neisseria gonorrhoeae* и *Neisseria meningitidis* од примероци кои содржат мешовита микробиота од земен примерок од грло, вагина, ректум и мочниот канал (3,4). *Thayer* и *Martin* (4) употребиле ванкомицин, колистин и нистатин. *Martin* и *Lester* (5) користеле дополнителен антибиотик тримептоприм за да ја направат подлогата селективна. Специјалниот пептон обезбедува хранливи материи кои им се потребни на организмите, додека скробот ги неутрализира токсичните масни киселини доколку се присутни во агарот. Хемоглобинот го обезбедува X-факторот, додека V-факторот (NAD) е обезбеден со додавање на суплемент. Подлогата исто така содржи витамини, аминокиселини, коензими итн., кои го забрзуваат растот на патогените *Nesseria* spp. Ванкомицинот и колистинот инхибираат Грам-позитивни и Грам-негативни бактерии (6). Нистатинот инхибира габи. Оваа подлога може да инхибира и *Haemophilus spp*. Некои соеви од *Capnocytophaga* видовите може да растат на оваа подлога кога се инокулираат од примероци од орофаринксот.

### Контрола на Квалитет

Податоците и резултатите од контролата на квалитетот се дадени во сертификатот за анализа, за секоја серија.

### Чување и Рок на употреба

Да се чува на температура од 15-25°C. По првото отворање да се чува на температура од 2-8°C. Да се употреби пред истек на датумот означен на налепницата.

### Мерки на Претпазливост

Овој производ не содржи опасни супстанци во концентрации кои се над пропишаните граници одредени со важечки законски регулативи, и затоа не е класифициран како опасен. Сепак, се препорачува да се постапува по упатствата наведени во безбедносниот лист за правилна употреба. Овој производ е наменет исклучиво за употреба во лабораториски услови, од страна на професионално обучен персонал. Не го употребувајте производот доколку примарното пакување е оштетено или производот не одговара на наведените карактеристики.

### Отстранување на Отпад

Отстранувањето на отпадот мора да биде во согласност со важечките национални и локални регулативи. Секоја лабораторија е одговорна за ракување и отстранување на отпадот кој се создава во текот на работењето.

### Симболи користени на етикети

| Симбол | Значење | Симбол | Значење |
|---|---|---|---|
| CE | Ознака за Европска Сообразност | ↑↑ | Оваа страна нагоре |
| IVD | Ин витро дијагностичко медицинско средство (IVD) | REF | Каталошки број |
| ☀ | Да не се изложува директно на сончева светлина | LOT | ЛОТ број |
| i | Консултирајте го упатството за употреба | ⧗ | Рок на употреба |
| ⊘ | Не употребувајте повторно | 🌡 | Ограничување на температурата |
| Σ | Големина на пакување | 🏭 | Производител |
| EC REP | Овластен претставник во ЕУ | | |

| | |
|---|---|
| EC REP | Salus Cons kft. 6722 Szeged, Bécsi krt 23, HUNGARY<br>e-mail: office@saluscons.com |

### Литература


1. Carpenter and Morton, 1947, Proc. N.Y. State Assoc. Public Hlth. Labs., 27:58.
2. Carpenter et al, 1949, Am. J. Syphil. Gonorrh. Vener. Dis., 33:164.
3. Martin, Billings, Hackney and Thayer, 1967, Public Hlth. Rep., 82:361.
4. Thayer J. and Martin J.E. Jr., 1966, Public Health Rep., 81:559.
5. Martin J.E. Jr. and Lester A., 1971, HSMHA Hlth. Service Rep., 86(1):30.
6. MacFaddin J., 1985, Media for Isolation-Cultivation-Identification-Maintenance of Medical Bacteria, Vol. I, Williams and Wilkins, Baltimore.


Носител на решение за запишување во Регистарот на Медицински средства и Дистрибутер за Република Северна Македонија:

**АДРИАМЕД ДОО**
ул. Виктор Иго бр. 4, 1000 Скопје
тел. +389 2 3229-600; +389 2 3229-611
e-mail: adriamed@adriamed.com.mk
www.adriamed.mk